**ЗАПИСНИК**
**од 63-та седница на Советот**
**одржана на 10.12.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, акад. Бојан Шоптрајанов, Столе Наумов, Лазо Петрушевски, Антонио Јовановски, м-р Методија Јанчески, Бранко Радовановиќ, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Сељадин Џезаири, Селвер Ајдини, Методи Стоименовски.

**Отсутни членови на Совет:** /

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Слободан Беличански, Цветанка Митревска, м-р Драгица Љубевска, Магдалена Давидовска-Довлева, Јетон Исмаили, Луција Ѓурковиќ, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска.

**Други присутни:** Соња Казиовска од Дневник.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ја отвори 63-та седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Седницата започна во 11 часот и се одржа во просториите на Советот.

Во однос на предложениот Дневен ред, Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски предложи точката 2, именувана како „Измени на проектното фише на проектот на СРД од ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи“, да биде под реден број 8, а останатите точки да го следат редоследот, согласно предложената измена.

Советот, со 15 гласа „за“, едногласно, со предложената измена, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 60-та седница на Советот, одржана на 22.11.2013 година
2. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, емитуван на 31 јули 2013 година.
3. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 29 август 2013 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово, реализиран на 16 ноември 2013 година.
5. Информација за непостапувањето по изречените мерки од страна на ТРД Енергу радио ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово и ТРД Радио Беса ДООЕЛ с.Црнилиште, Долнени.
6. Информација за исполнувањето на обврската за објавување на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година на 31 октомври.
7. Информација за извршена проверка на податоците за сопственичката структура на ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип и ТРД кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип.
8. Измени на проектното фише на проектот на СРД од ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи“.
9. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 60-та седница на Советот, одржана на 22.11.2013 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, емитуван на 31 јули 2013 година.

Советот едногласно донесе одлука на ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово:

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ја подготви горенаведената Одлука.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ја достави горенаведената Одлука до ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ја евидентира горенаведената Одлука во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, емитуван на 29 август 2013 година.

Членот на Советот Столе Наумов, во врска со прекршувањето на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), констатирано на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово, предложи да се упати укажување. Во однос на укажувањето рече дека тоа не претставува мерка, туку претставува информирање и превентивно го информира радиодифузерот каде се движи неговиот ангажман.

Членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, рече дека укажувањето не е мерка и согласно на тоа, секогаш ќе биде воздржан при гласањето.

Советот со 14 гласа „за“ и еден воздржан глас од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов, донесе одлука на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се упати укажување.

Советот со 15 гласа „за“донесе одлука на ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово:

- поради прекршување на член 93 став 3 од Законот за радиодифузната дејност (надминување на лимитите за рекламирање во текот на еден реален час), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги подготви укажувањето и одлуката.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ги достави укажувањето и одлуката до ТРД ТВ Коха Меваип ДООЕЛ Тетово.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги евидентира укажувањето и одлуката во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 4**

Советот го разгледа и го усвои предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис на ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово, реализиран на 16 ноември 2013 година.

Советот едногласно, со 15 гласа „за“, донесе одлука на ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена.

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 12 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (неозначување на програмите со предупредувачка сигнализација во текот на нивното времетраење), да се изрече мерката: писмена опомена.

- поради прекршување на член 97 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (неиздвојување на рекламите од другите делови на програмата со оптички или акустички средства), да се изрече мерката: писмена опомена.

Советот со 13 гласа „за“ и два воздржани гласа од членот на Советот, акад. Бојан Шоптрајанов и членот на Советот, Бранко Радовановиќ, донесе одлука на ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово:

- поради прекршување на член 99 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (рекламирањето во телевизиските програми треба да се вметне на начин со кој нема да се загрозат интегритетот и вредноста на програмата, како и правата на авторите и на другите носители на права), да се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги подготви горенаведените одлуки и укажувањето.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ги достави горенаведените одлуки и укажувањето до ТРД ТВ ХАНА Мевљан ДООЕЛ Куманово.

Советот го задолжи Секторот за правни работи да ги евидентира горенаведените одлуки и укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 5**

Советот ја разгледа предложената Информација за непостапувањето по изречените мерки од страна на ТРД Енергу радио ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово и ТРД Радио Беса ДООЕЛ с.Црнилиште, Долнени.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески, информира дека беше одржан состанок со претставник на ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени, кој ветил дека ќе ги исполни сите законски обврски со краен рок до 20 ноември 2013 година. По тој датум, претставникот на ТРД Радио Беса дошол во Советот, донел снимен материјал на ЦД, но потоа од страна на Стручната служба било констатирано дека материјалот е нецелосен, на него имало снимено музички нумери, односно недостасувала снимка од целата програма за да се утврди дали ја извршил мерката. Во однос на комуникацијата рече дека тешко се одвивала и рече дека можеби претставниците и не разбирале како всушност треба да ја извршат мерката. Членот на Советот, м-р Методија Јанчески даде предлог доколку се испрати допис до нив, содржината на дописот да биде попристапна за нив, да содржи детално објаснување за постапката која треба да ја направат за да ја извршат мерката.

Членот на Советот, Селвер Ајдини, информира дека со останатите членови на комисијата ги посетиле ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга и ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово. Објасни дека детално им го појасниле начинот на кој радиодифузерите треба да постапат за да ги отстранат претходно направените прекршувања на Законот, така што и по остварената посета и телефонски оствариле контакт во таа насока. Со цел да ги извршат мерките и да бидат во согласност со Законот за радиодифузната дејност, рече дека сака повторно да оствари телефонски контакт со радиодифузерите и дека ќе се обиде повторно да ги информира.

Раководителот на Секторот за истражување и долгорочен развој, рече дека карактеристично е тоа што трите радиодифузери: ТРД Енергу радио ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово и ТРД Радио Беса ДООЕЛ с.Црнилиште, Долнени, ги отстраниле прекршувањата, односно ги доставиле сите потребни документи, но не ги извршиле изречените мерки.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, предложи да се испратат дописи до: ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени и ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, со кои Советот ќе ги предупреди дека во рок од 7 дена од приемот на дописот треба да ги извршат изречените мерки, во спротивно, доколку не ги извршат, Советот ќе преземе построги мерки.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, рече дека со оглед на фактот што Советот се потрудил неколку пати да стапи во контакт со наведените радиодифузери и да им објасни за законските обврски, сега треба да престане да го прави тоа повторно. Како што Советот се грижи за спроведување на Законот и подзаконските акти, така и радиодифузерите треба да ги почитуваат законските прописи. Рече дека треба да бидат предупредени дека доколку не ги исполнуваат условите од дозволата и доколку се иницира постапка за одземање на дозволата, тогаш Советот во таа општина ќе објави конкурс за ново радио или телевизија. Ова го кажува принципиелно и се однесува и за сите останати радиодифузери. Ако многу често се случува да се прекршуваат одредени членови од Законот и ако Советот изрекува мерки за истото, а во реалноста сепак истото се повторува, рече дека вршењето на радиодифузната дејност претставува скапа инвестиција и не може секој да се занимава со неа, така што ако сопственикот на медиумот не може да работи како што треба, нека му го отстапи местото на друг.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека постоењето на ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени го оправдува затоа што има потреба од тоа радио, бидејќи во таа област живеат Бошњаци, кои имаат потреба од информирање за локални теми и при тоа медиумот работи под тешки услови бидејќи според него нема приходи од реклами. Рече дека треба да се земе во предвид дека се работи за ниско развиени средини. Се согласи да се испрати допис со цел да му се помогне, и во него, да му се испрати пример за начинот како другите радиодифузери ја извршиле мерката.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека однесувањето на горенаведените радиодифузери е непринципиелно. Во таа насока рече дека ќе прифати да им се помогне, доколку навистина сме сигурни и уверени во тоа дека тие навистина не знаат за начинот како да ја извршат мерката, со оглед на тоа дека претходно имаат години работа како медиум и не може да не знаат. Запраша дали треба да се чека по десет члена од Законот да прекршат за да потоа се санкционираат? Членот на Советот, Бранко Радовановиќ рече дека со ваков начин на работење во радиодифузната дејност произлегува дека секој може да се занимава со неа. И Советот рече, треба да расчисти, до кога ќе толерира работи кои водат кон непрофесионализам?

Советот ја усвои предложената Информација за непостапувањето по изречените мерки од страна на ТРД Енергу радио ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД Радио Фокус ДООЕЛ Тетово и ТРД Радио Беса ДООЕЛ с.Црнилиште, Долнени.

Во текот на 2013 година, трите локални радиостаници: ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово и ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени, ниту еднаш не ги исполнија обврските што произлегуваат од член 20 од Законот за радиодифузната дејност, односно:

- не ги доставија податоците за економско-финансиското работење во претходната година, што е спротивно на член 20 став 3 и 4 од Законот
- не ја исполнија обврската најдоцна до 31 март во еден дневен весник и на сопствената програма да ги објават податоците од работењето во претходната година, што е спротивно на член 20 став 1 и 2 од Законот
- не ја исполнија обврската на 30 јуни на сопствената програма да ги објават податоците од работењето во претходната година.

Поради повеќекратното неисполнување на обврските од Законот, Советот за радиодифузија на 54-та седница одржана на 04.11.2013 година, формира две комисии кои остварија службена посета на овие радиодифузери, односно:

- Комисијата во состав: Замир Мехмети, член на Советот, Селвер Ајдини, член на Советот и Магдалена Д. Довлева, раководител на Секторот за истражување и долгорочен развој на 05.11.2013 година ги посети ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга и ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, при што детално го појасни начинот на кој радиодифузерите треба да постапат за да ги отстранат претходно направените прекршувања на Законот, како и да ги исполнат изречените мерки. Како краен рок за доставување на сите потребни документи беше определен 15.11.2013 година.
- Истиот ден, во просториите на Советот беше одржан состанок со претставник на ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени, на кој присуствуваа: Методија Јанчески, член на Советот, Методи Стоименовски, член на Советот, Борис Арсов, член на Советот, Бранко Радовановиќ, член на Советот и Катерина Митре, соработник во Секторот за истражување и долгорочен развој. Од страна на претставникот на радиодифузерот, беше изјавено дека ќе бидат преземени сите потребни активности со цел да се отстранат прекршувањата на Законот и да се исполнат изречените мерки и дека најдоцна до 20.11.2013 година во Советот ќе ги достават потребните документи и докази дека мерките се исполнети.

Советот за радиодифузија, на погоре наведените радиодифузери, за неисполнување на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година, што е спротивно на член 20 став 1 и 2 од Законот за радиодифузната дејност, и за недоставување податоци за економско-финансиското работење во претходната година, што е спротивно на член 20 став 3 и 4 од Законот за радиодифузната дејност, им ги изрекол наведените мерки, а во однос на тоа:

- ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово ги отстранил прекршувањата за кои му се изречени 3-те мерки, при што 2 мерки извршил, а 1 мерка извршил нецелосно,
- ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени ги отстранил прекршувањата за кои му се изречени 3-те мерки, но не извршил ниту една од изречените мерки, и
- ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, делумно ги отстранил прекршувањата за кои му се изречени мерките и не ги извршил изречените мерки.

Согласно горенаведеното, Советот едногласно одлучи да испрати дописи до ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени и ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, со кој ќе ги предупреди дека во рок од 7 дена од приемот на дописот треба да ги извршат изречените мерки, во спротивно доколку не ги извршат Советот ќе преземе построги мерки.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за истражување и долгорочен развој да ги подготви дописите.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот дописите да ги достави до ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени и ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга.

Советот го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој, дописите, по електронска пошта да ги достави до ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени и ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга.

Советот ги задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој и Секторот за правни работи телефонски да ги известат ТРД РАДИО ФОКУС ДООЕЛ Тетово, ТРД Радио Беса ДООЕЛ с. Црнилишта, Долнени и ТРД ЕНЕРГУ РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струга, дека доколку не ги извршат изречените мерки, Советот ќе преземе построги мерки и да им го објаснат начинот на кој се извршуваат мерките, а воедно да им ги разјаснат дилемите во врска со тоа.

**Точка 6**

Советот ја разгледа и ја усвои предложената Информација за исполнувањето на обврската за објавување на податоците за работењето на радиодифузерите во претходната година на 31 октомври.

На 24.10.2013 година, Советот за радиодифузија до сите трговски радиодифузни друштва упати укажување (бр. 03-4170/1), со цел да ги потсети на обврската за објавување на податоците за работењето во претходната година, што произлегува од член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност.

Радиодифузерите беа должни податоците да ги објават на сопствената програма на 31 октомври 2013 година, во точно утврдени термини, а најдоцна до 15 ноември 2013 година до Советот да достават снимка од објавената содржина на ЦД или ДВД формат.

Обврската не ја исполнија следните трговски радиодифузни друштва:

- Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај,
- Трговско радиодифузно друштво ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово
- Трговско радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар,
- Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово,
- Трговско друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ Кичево, и
- Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга.

Согласно горенаведеното, поради прекршување член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот едногласно донесе одлука:

- на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, да ја изрече мерката: писмена опомена.

Поради прекршување член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот едногласно донесе одлука:

- на Трговското радиодифузно друштво ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, да ја изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, ќе се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот ТРД ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Поради прекршување член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот едногласно донесе одлука:

- на Трговското радиодифузно друштво Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, да ја изрече мерката: писмена опомена.

Поради прекршување член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот едногласно донесе одлука:

- на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, да ја изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, ќе се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ, Муслим ДООЕЛ с.Мала Речица Тетово и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Поради прекршување член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот едногласно донесе одлука:

- на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ Кичево, да ја изрече мерката: писмена опомена.

Поради прекршување член 20 став 1 и став 2 од Законот за радиодифузната дејност, Советот едногласно донесе одлука:

- на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, да ја изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, ќе се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот Друштво за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги подготви горенаведените одлуки.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира одлуките во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот да ги достави одлуките до наведените радиодифузери.

**Точка 7**

Советот ја разгледа и со 14 гласа „за" и еден воздржан глас од членот на Советот, Бранко Радовановиќ, ја усвои предложената Информација за извршена проверка на податоците за сопственичката структура на ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип и ТРД кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип.

Раководителот на Секторот за истражување и долгорочен развој, објасни дека на 58-та седница одржана на 18.11.2013 година, Советот за радиодифузија го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој да ги провери податоците за сопственичката структура на ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип и ТРД кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, со цел да се констатира дали постои сопственичка поврзаност помеѓу овие два субјекти.

Согласно доставените документи за регистрација на основачот на радиодифузерот ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип и проверката од Секторот за истражување и долгорочен развој преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, на податоците за сопственичката структура на операторот на јавна комуникациска мрежа ТРД кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, добиени се податоци според кои видно е дека не постои формална сопственичка поврзаност помеѓу ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип и ТРД кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип.

Советот го задолжи Секторот за истражување и долгорочен развој и понатаму да го следи евентуалното постоење на недозволена медиумска концентрација помеѓу

овие два субјекти во формална и во фактичка смисла и да ги презема сите потребни активности за да се утврди дали тие применуваат деловни практики со кои се нарушува конкуренцијата.

**Точка 8**

Советот ги разгледа предложените Измени на проектното фише на проектот на СРД од ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи".

Вишиот соработник од Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, во однос на Измените на проектното фише на проектот на СРД од ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи", објасни дека направена е измена во делот на активностите односно најави дека новите активности не отстапуваат од претходната верзија и дел од активностите се преформулирани.

Советот ги усвои предложените Измени на проектното фише на проектот на СРД од ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи".

Советот го задолжи Вишиот програмски службеник Огнен Неделковски, Измените на проектното фише на проектот на СРД од ИПА 2011 „Слобода на изразување – поддршка на медиумските реформи", да ги достави до Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 9**

Разно.

**Бр.02-4805/9**
**25.12.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**м-р Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*